ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:22-223/9**

**Дата: 16.07.2013**

**ДО**

**УНИВЕРЗИТЕТ ”СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” - СКОПЈЕ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на „Факултет за земјоделски науки и храна“ – Скопје (во понатамошниот текст ФЗНХ) на сметката на буџет од самофинансирачки активности за 2012 година.

За годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразуваме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење.

Со ревизијата утврдивме слабости кои се однесуваат на функционирањето на системот на интерни контроли во процесот на исплата на надоместоци за наставни и други активности на вработените на ФЗНХ. Не е обезбедена целосна контрола на фактурирањето за извршени услуги од апликативна дејност и за признавање на расходите за користење на службени возила.

Утврдивме дека не е донесена Одлука за стекнување и распределба на приходите, иако од донесување на актот за утврдување на плати и надоместоци во април 2012 година, ФЗНХ требало да ја донесе во рок од три месеци.
Надоместоците за дополнително ангажирање на наставниците во наставата од прв циклус студии и надоместоци на вработените за зголемен обем на работа во остварување на другите дејности на ФЗНХ, не се исплатени според бројот на

ангажираните часови , туку линеарно за сите вработени како еднократна награда.

Надоместоците за изведување настава и други активности на дисперзирани студии во септември 2012 година се исплатени врз основа на Одлуки на Деканатската управа од 2008 и 2009 година иако од април 2012 година во примена е Одлуката за утврдување плати и надоместоци на вработените на ФЗНХ, која предвидува други критериуми.

Утврдивме дека ФЗНХ остварува приходи за активности и услуги на студентите кои не се предвидени со Ценовникот донесен од Советот за развој и финасирање на високото образование од 2004 година.

Ревизијата не можеше да се увери во целосноста и точноста во искажаните позиции во Билансот на состојба. Не е почитувано начелото на парично искажување при евиденнтирање на приходите и расходите во финаниските извештаи.

Ревизијата укажа на потребата ФЗНХ, да обезбеди целосно функционирање на воспоставениот систем на интерни контроли во процесот на плаќање, доследна примена на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници при сметководственото евидентирање на побарувањата, како и на потребата од целосно почитување на начелото на парично искажување на приходите и расходите при евидентирањето на промените во финансисиките извештаи.

Укажуваме на потребата од донесување на Одлука за стекнување и распределба на приходите на ФЗНХ, со оглед дека е изминат подолг временски период од предвидениот рок за нејзино донесување. Натамошната исплата на надоместоците на вработените за наставни и други активности за додипломски студии, ФЗНХ да го врши согласно критериумите утврдени во Одлуката за утврдување плати и надоместоци на ФЗНХ која е во примена од април 2012 година.

Укажуваме на потребата надлежните институции да ги интензивираат активностите за конституирање на Советот за финансирање и развој на високото образование, како надлежно тело, кое треба да дефинира критериуми за видот и висината на услугите што студентот треба да ги плати.

**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
**СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (788)**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

---

# 1. Вовед

**1.1.** Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 14 до 16 заедно со ревизија на усогласеност на Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје на сметката на буџет од самофинансирачки активности за 2012 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

**1.2.** Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

**1.3.** Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

**1.4.** Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- Проф. д-р Драги Димитриевски – декан од 04.12.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на

интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа на нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2013 година до 10.05.2013 година

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 09.05.2013 година.

Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 21.05.2013 година.

На ден од 20.06.2013 година примени се забелешки од законскиот застапник на субјектот под број 22-223/7 од 20.06.2013 година по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

Истите се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и е заклучено дека забелешките не се прифаќаат, бидејки повеќето претставуваат само објаснување за утврдените состојби и известување за преземените активности за надминување на слабостите. Забелешката по наодот во точката 3.2.2. не се прифаќа, со оглед дека истата не содржи нови докази за промена на ревизорскиот наод.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата по истите се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизијата го утврди следното:

### 3.1 Интерни контроли

**3.1.1.** Со увидот во воспоставениот систем на интерни контроли и начинот на неговото функционирање утврдени се одредени слабости во процесот на плаќање на авторските хонорари за извршените наставни и други активности, од аспект на комплетноста на документите за исплата на надоместоците. Во прилог на Решенијата за исплата не се приложени пресметките како поткрепувачка документација кои ги изготвуваат одговорните лица, а дел од нив во воведниот дел не се повикуваат на соодветниот правен основ. Вака воспоставениот систем не обезбедува

целосна контрола и проверка на точноста на поединечните пресметки и нивна усогласеност со критериумите предвидени во актите на ФЗНХ .

3.1.2. За извршените услуги од страна на ФЗНХ за стручни анализи, проби и други видови испитувања, сметководствената служба изготвува фактури до корисниците на услугите по претходно пресметан износ од лицата кои се вклучени во овие активности. Во фактурите не се наведени количините и цените, ниту пак се доставени поединечните пресметки за извршената услуга што не овозможува контрола на фактурираниот износ.

Ваквата состојба на необезбедени постапки на интерни контроли, кои ќе ја потврдат точноста и вистинитоста на документите евидентирани во сметководството, не дава доволно уверување дека одобреното фактурирање е реално и објективно.

**Препорака**

Одговорното лице на субјектот да преземе активности за докомлетирање на поткрепувачката документација во процесот на фактурирање на извршените услуги, со цел потврдување и контрола на нивната веродостојност, односно намалување на ризикот од необјективно евидентирање на побарувања и остварување на приходи.

## 3.2 . Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Врз основа на Одлука на Деканатската управа од декември 2011 година, исплатени се надоместоци во вкупен износ од 1.810 илјади денари за дополнително ангажирање во 2011 година на наставниците во наставата од прв циклус студии и надоместоци за вработените за зголемен обем во остварување на другите дејности на ФЗНХ.

Од увидот во Прегледот за ангажирање на наставно - научниот и соработничкиот кадар на сите студиски предмети и програми од прв циклус студии во учебната 2011/2012 и 2012/2013 година, констатиравме дека секој наставник предава еден или повеќе предмети на повеќе студиски програми поради што неделно остарува од 15 до 23 часа над нормираните 8 часа неделен фонд со Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност од 2010 година. Надоместоците не се исплатени според бројот на ангажираните часови над нормираниот, туку линеарно за сите вработени како еднократна награда, во висина од 50%, од вредноста на бодот исплатен за месец октомври, односно без евиденција за реалниот број на часови на наставникот кој бил ангажиран и без извештај за видот на активноста и бројот на дополнително ангажираните часови за другите вработени. Ваквиот начин на исплата на

надоместоци не е во согласност со член 20 од Правилникот за единствените основи за утврдување на плати и надоместоци на вработените на УКИМ од септември 2010 година.

**Препорака**

Одговорните лица во ФЗНХ да ја применуваат Одлуката за утврдување на плати и надоместоци на ФЗНХ која е во важност од април 2012 година, при пресметување на надоместоците по основ на зголемен обем на работа на наставниците, врз основа на евиденцијата на остварени часови и истата да се исплатува како процент од основната плата согласно соодносот помеѓу зголемениот обем на часови настава и нормираниот обем на настава.

Исплатата за зголемен обем на работа за другите вработени, согласно оваа Одлука да се исплаќа во висина до 20% според евиденцијата на прекувремени часови.

3.2.2. За одржани предавања за дисперзирани студии исплатени се надоместоци врз основа на Одлуки на Деканатската управа од 2008 и 2009 година, согласно кои за наставниците и соработниците и административниот кадар е утврден надомест во висина од 2-4 илјади денари во бруто износ, во зависност од предвидениот неделен фонд на часови и други активности.

Врз основа на истите одлуки во септември 2012 година исплатени се надоместоци на наставници во вкупен износ од 154 илјади денари иако од април 2012 година во примена е Одлуката за утврдување плати и надоместоци на вработените на ФЗНХ, која предвидува други критериуми. Во членот 14 од оваа одлука децидно е наведено дека на вработените им се исплаќа во случаи на вонредно и натпросечно оптоварување на работникот, за зголемен обем на работа и предвремено и квалитетно извршување на работите, според евиденцијата за нивната ангажираноста од страна на одговорните лица.

**Препорака**

Надоместокот за одржани предавања за дисперзирани студии да се исплаќа доколку овие активности се во согласност со основите и критериумите утврдени во член 14 од Одлуката за утврдување плати и надоместоци на ФЗНХ.

3.2.3. На членовите на Комисијата за одржани комисиски испити исплатени се надоместоци во износ од 41 илјада денари, односно 200 денари по член, без соодветен акт како основ за исплата на истиот, што не е во согласност со актите на УКИМ и ФЗНХ. Ваквата состојба може да има за ефект неосновано исплатени средства.

**Препорака**

Одговорните лица во ФЗНХ, да ги имаат предвид основите и критериумите утврдени во член 14 од Одлуката за утврдување плати и надоместоци на вработените на ФЗНХ, од април 2012 година, при исплата на овој вид надоместок.

3.2.4. Не е донесена Одлука за стекнување и распределба на приходите на ФЗНХ, според која исплатата на надоместоците за активности во втор, трет циклус и за вршење работи на научно истражувачки и апликативни проекти треба да се врши откако од вкупните средства стекнати по соодветниот основ ќе се изврши распределба за соодветни намени. Овој акт, ФЗНХ, согласно член 29 од Одлуката за утврдување на плати и надоместоци на вработените од април 2012 година требало да го донесе во рок од три месеци од нејзиното донесување. Поради тоа, распределбата на остварениот приход по овој основ се уште се врши по критериуми утврдени во постојните акти на ФЗНХ и актите на УКИМ.

**Препорака**

ФЗНХ во најкус можен рок да ја донесе Одлуката за стекнување и распределба на приходите, имајќи предвид дека според Одлуката за утврдување на плати и надоместоци на вработените, изминато е повеќе од половина година од предвидениот рок за нејзино донесување.

3.2.5. Видовите и висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на високообразовните установи се утврдени во Усогласен ценовник од 2004 година, донесен од Советот за финансирање и развој на високото образование кој функционирал од 2003 до 2006 година. Со Ценовникот се утврдени 24 видови на услуги и цени кои студентот ги плаќа во зависност од услугата (издавање уверение за положени испити, издавање дупликат диплома, презапишување на година, пријава на испит и други), кој формално-правно не е ставен вон сила. Со Законот за високо образование од 2008 година предвидено е Советот за финансирање на предлог на универзитетите да донесе нови мерила и критериуми и за надоместоците кои треба да ги плаќаат студентите на високообразовните установи. Со оглед дека ова стручно и самостојно тело се уште не е формирано, ФЗНХ наплаќа за активности и услуги за студентите надвор од овој Ценовник. Ваквата состојба има за ефект повеќе наплатени приходи во вкупен износ од 1.136 илјади денари во однос на утврдените услуги и цени со Ценовникот од 2004 година. Некои од причините за наведената состојба според видувањата на одговорните лица на ФЗНХ е и потребата од ангажираност на студентите во практичната настава поради специфичноста

на дејноста (користење лабараторија, теренска настава) услугите кои произлегуваат од студирање по Европскиот кредит трансфер систем и други тековни работи.

**Препорака**
Надлежните институции да ги интензивираат активностите за конституирање на Советот за финансирање и развој на високото образование поради потребата од дефинирање на критериуми за вид и висина на услуги кои студентот треба да ги плати во текот на студирањето. На овој начин ќе се создаде можност од воведување усогласени цени за исти услуги на сите факултети на државните универзитети.

3.2.6. ФЗНХ врши апликативна високостручна дејност во областа на биотехнологија, производството, преработка и безбедноста на храната и други работи согласно Правилникот за внатрешни односи и работењето на ФЗНХ, за која се наплатени приходи во износ од 1.833 илјади денари. Видот и висината на услугите кои ги пружа во оваа област на надворешни правни и физички лица се утврдени во интерните ценовници на институтите, катедрите или лабораториите како внатрешни организациони единици. Актите не се одобрени од страна на Деканатската управа која согласно работите утврдени во овој Правилник е надлежен орган за донесување акти и следење на нивното извршување. Вака воспоставената пракса на определување на цените создава можност од нивно необјективно утврдување.

**Препорака**
Актите за видот и висината на услугите кои ги пружа ФЗНХ за апликативна високостручна дејност да бидат утврдени и донесени од страна на Деканатската управа за да се обезбеди усогласеност во дефинирање на цените на услугите предложени од внатрешните организациони единици и нивна транспарентност.

## 3.3 Финансиски извештаи
## Биланс на состојба

3.3.1. Ревизијата не можеше да се увери во целосноста и точноста на долунаведените позиции искажани во Билансот на состојба, поради следното:

- Во сметководствената евиденција на ФЗНХ евидентиран е делот од побарувањата од купувачи по основ на извршени услуги од

апликативна дејност во вкупен износ од 140 илјади денари кои потекнуваат од 2009 година, а за кои не се преземени активности за наплата поради што истите согласно член 363 од Законот за облигациони односи се застарени. Исто така постои ризик од ненаплатливост на делот од искажаните побарувања од 2010 година во вкупен износ од 289 илјади денари, за кои рокот за застареност согласно законските прописи е во текот на 2013 година, а за истите во текот на ревизијата не се превземени активности за нивна наплата. Од страна на пописната комисија извршен е попис на состојбата на искажаните побарувања без да се утврди старосната структура на истите и да се даде предлог мерки за нивна наплата. Наведеното укажува на висок степен на несигурност во целосноста и точноста на искажаните побарувања, во Билансот на состојбата на ден 31.12.2012 година.

- На позицијата Други долгорочни вложени и здружени средства евидентирани се средства уплатени до 2000 година од вработените во деловни банки за откуп на општествени станови согласно Законот за продажба на становите во општествена сопственост во вкупен износ од 992 илјади денари. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаната позиција од причини што ФЗНХ не обезбедил доказ од деловните банки за сопственоста на овие средства, ниту од страна на пописната комисија е утврдена правната основа на нивното постоење.
- На позицијата Други хартии од вредност евидентирани се набавените бонови за бензин во вкупен износ од 88 илјади денари кои истовремено се евидентирани и во благајната на ФЗНХ, што укажува на двојно прикажување на едни исти средства.
- Утврдени се разлики помеѓу состојбата на средства и извори на средства во вкупен износ од 480 илјади денари поради несоодветно спроведени книжења во минати години согласно буџетското начело на парично искажување.

Наведеното не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, за реално и целосно искажување на биласните позиции и член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба има за ефект нереално прикажување на билансните позиции во Билансот на состојба на ден 31 декември 2012 година.

**Препораки:**

За отстранување на наведените слабости одговорното лице на ФЗНХ да преземе мерки за спроведување на следните активности:

- Пописната комисија да ја утврди старосна структура на побарувања од купувачи и да даде предлог мерки за отпис на застарените побарувања, со цел реално искажување на оваа позиција во Билансот на состојба. ФЗНХ навремено да превземе активности за наплата на ненаплатените побарувањата имајќи го во предвид рокот на застареност предвиден со Законот за облигационоиет односи.
- Сметководствената служба да обезбеди доказ од деловните банки за сопственоста на средствата уплатени од вработените и да изврши нивно усогласување и потврдување со позицијата Други долгорочни вложени и здружени средства.
- Сметководствената служба да изврши намалување на позицијата други хартии од вредност и краткорочни обврски по основ на хартии од вредност за евидентираните бонови за бензин.
- Сметководствената служба да ги утврди констатираните разлики помеѓу средствата и изворите на средствата во Билансот на состојба и да изврши усогласување на овие позиции.

**Биланс на приходи и расходи**

3.3.2. При евидентирање на приходите и расходите во финансиските извештаи не е запазено начелото на парично искажување како резултат на несоодветно спроведени книжења, што има за ефект состојбата на парични средства на крајот на годината да не е усогласена со искажаниот вишок на приходи над расходи за 378 илјади денари. Ваквиот начин на евидентирање на приходите не е во согласност со член 18 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, односно сметководственото начело пропишано за буџетските корисници.

**Препорака**

Сметководствената служба на ФЗНХ при евидентирање на приходите и расходите да го почитува начелото на парично искажување во финансиските извештаи, односно истите да бидат признаени во моментот на нивната расположливост на сметката, односно нивното настанување, согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

3.3.3. Ревизијата утврди дека од страна на корисниците на службени возила не се врши евиденција за поминатата километража, со што е оневозможена целосна контрола на реалноста на искажаниот потрошок на гориво. Поради ваквата

состојба не можевме да потврдиме дека евидентираниот износ од 83 илјади денари е реален и објективен и дека овој вид расходи се признаени од страна на одговорните лица согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Имајќи ја предвид потребата од често користење на службени возила за вршење на дејноста, одговорните лица на ФЗНХ да воведат постапки за евидентирање на потрошеното гориво соодветно на поминатата километража како доказ за реалноста на настанатиот трошок.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точката 3.3. кои се однесуваат на нереално прикажување на: побарувањата од купувачите и неизвршен правилен попис на состојбата за истите, други долгорочни вложени и здружени средства, други хартии од вредност, утврдените разлики помеѓу состојбата на средства и извори на средства, како и необезбедени контролни постапки и процедури за признавање на дел од приходите и расходите, ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2012 година.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.3, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на „Факултет за земјоделски науки и храна" – Скопје , - сметка на буџет од самофинансирачки активности на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2. и 3.3, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на „Факултет за земјоделски науки и храна" – Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики"

Скопје, 16.07. 2013 година

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (788)
КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 23.603 | 29.661 |
| Трансфери и донации | 3.679 | 2.031 |
| **Вкупно приходи** | **27.282** | **31.692** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 6.605 | 6.855 |
| Стоки и услуги | 17.741 | 20.751 |
| Субвенции и трансфери | 326 | 69 |
| **Вкупно тековни расходи** | **24.672** | **27.675** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 873 | 237 |
| **Вкупно капитални расходи** | **873** | **237** |
| **Вкупно расходи** | **25.545** | **27.912** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **1.737** | **3.780** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **1.737** | **3.780** |

## УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ
## ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
## СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (788)
## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 2.115 | 4.113 |
| Хартии од вредност | 112 | 53 |
| Побарувања | 1.796 | 943 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 126 | 23 |
| Побарувања од вработените | 19 | 12 |
| Побарувања од државата и други институции | 69 | - |
| Активни временски разграничувања | 3.517 | 5.156 |
| Залихи | 159 | 300 |
| Аванси за капитални средства | 0 | 117 |
| **Вкупно тековни средства** | **7.913** | **10.717** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 13.104 | 13.302 |
| Материјални средства во подготовка | 89 | 89 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 992 | 992 |
| **Вкупно постојани средства** | **14.185** | **14.383** |
| **Вкупна актива** | **22.098** | **25.100** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 88 | 36 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 3.095 | 4.517 |
| Обврски спрема државата и други институции | 65 | 98 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 9 | 13 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 478 | 586 |
| Пасивни временски разграничувања | 3.628 | 4.776 |
| **Вкупно тековни обврски** | **7.363** | **10.026** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 14.735 | 15.074 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **14.735** | **15.074** |
| **Вкупна пасива** | **22.098** | **25.100** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **14.774** | **300** | **15.074** |
| **Зголемување по основ на:** | **1.423** | **24** | **1.447** |
| Набавки | 752 | 24 | **776** |
| Преотстапени средства | 43 | - | |
| Ревалоризација на капитални средства | 628 | - | **628** |
| **Намалување по основ на:** | **1.621** | **165** | **1.786** |
| Издавање материјали | - | 165 | **165** |
| Амортизација | 1.621 | - | **1.621** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **14.576** | **159** | **14.735** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITY St's CYRIL AND METHODIUS - SKOPJE
FACULTY OF AGRICULTURAL SCIENCES AND FOOD

**Бр: 02-1423**
**Дата: 20.06.2013год.**
**С К О П Ј Е**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 20.06.2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 22 | 223/7 | | |

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул.Македонија, бр.12/3**
**1000, Скопје**

**Предмет:** Одговор по Нацрт извештаи од извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на ФЗНХ- Скопје
**Врска:** Ваш допис бр.22-223/6 од 21.05.2013 година

Почитувани,

На Ваше барање, доставуваме одговор на констатираните наоди и дадените препораки за нивно отстранување од Нацрт извештаите за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста за 2012 година, на сметките од работењето на Факултетот за земјоделски науки и храна- Скопје (во понатамошниот текст: ФЗНХ):

- Сметка на основен буџет (603), и
- Сметка на буџет од самофинансирачки активности (788).

Деканот на Факултетот Проф. д-р Драги Димитриевски, во својство на работоводен орган, на седницата одржана на 29.05.2013 година ја информираше Деканатската управа на ФЗНХ за содржината на доставените Нацрт извештаи од извршената ревизија, при што беше констатирано следното:

**I. <u>СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (603):</u>**

Нацрт извештајот за извршената ревизија на оваа сметка, во кој не се утврдени било какви наоди во работењето е прифатен во целост без забелешки.

## II. СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (788):

Наодите од Нацрт извештајот за извршената ревизија на оваа сметка, беа поединечно разгледани, прифатени и при тоа беше констатирано следното:

- Дел од наодите се од објективна природа и резултат на процесот за целосно усогласување со законските одредби во високото образование, пред се статусните промени на УКИМ во Скопје со единиците - членки во неговиот состав (факултети, институти и други придружни членки) извршени во февруари 2009 година, кои отворија процес на усогласување во финансиското работење и донесување на нови акти за распределба на платите и надоместоците на вработените; стекнување и распределба на вкупните приходи на ФЗНХ и друго, кои сеуште се во постапка за целосно усогласување и донесување,
- Останатите наоди се од сметководствено- финансиска природа и истите се во функција на подобрување на процесите и интерните контроли во овој дел од работењето, регулирани со: Законот за буџетите, Законот за извршување на буџетите, Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Покрај тоа, треба да се има предвид дека ова е прва ревизија во досегашното работење на ФЗНХ, а констатираните наоди и дадените препораки се прифатени како добра насока која укажува каде и како да се подобрат одредени процеси и интерните контроли, со цел да се оствари поголема регуларност во работењето и доследна примена на законските и интерните акти.

Врз основа на претходно наведеното, беше дадена забелешка на нагласениот акцент и тежината на формулацијата во став 3 од Резимето во Нацрт извештајот, со која е изразено негативно мислење за констатираните слабости, кое упатува на целосна неусогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, што во овој случај не е прифатливо и треба соодветно да се формулира, или отстрани од извештајот.

Во продолжение даваме дополнително образложение по искажаните наоди и дадените препораки:

### 3.1. ИНТЕРНИ КОНТРОЛИ:

**3.1.1.** Во процесот на плаќање авторски хонорари за извршени наставни и други активности, кон Решенијата за исплата ќе се приложуваат и пресметките за исплата, со повикување на правниот основ предвиден во актите на ФЗНХ, регулирано со новата Одлука (од април 2012 година) за исплата на плати и надоместоци на вработените.

Значајно е да укажеме дека исплатата на овие договорни услуги се врши преку Авторска агенција, чиј избор се спроведува во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки.

**3.1.2.** На предлог од организационите единици на ФЗНХ (институти, катедри и лаборатории), Деканатската управа на факултетот ќе утврди усогласени ценовници врз основа на кои Службата за сметководство ќе изготвува фактури во кои одделно ќе бидат искажани количини и цени според видот на услуги кои ги врши ФЗХН по основ на стручни анализи.

## 3.2. УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ:

**3.2.1.** Констатираните исплати на надоместоци по основ на зголемен обем на работа на наставниците и за зголемен обем на работа за другите вработени, се однесуваат за 2011 година и истите се исплатени во согласност со важечките Одлуки во тој период.
Од април 2012 година, не се извршени исплати по овој основ, а доколку произлезе обврска за нивна исплата, пресметувањето на овие надоместоци ќе се врши врз основа на евиденцијата за остварените часови, како процент од основната плата, во соодност помеѓу зголемениот обем на часови настава и нормираниот обем на настава, а во согласност со новата Одлука за утврдување на плати и надоместоци на ФЗХН.
Исплатата за зголемен обем на работа за другите вработувања, ќе се исплатува во висина до 20% според евиденцијата на прекувремени часови.

**3.2.2.** Исплатите на надоместоците по основ на одржани предавања за дисперзирани студии се извршени врз основа на Одлуки од Деканатската управа од 2008 и 2009 година и нивната исплата е во согласност со член 14 од Одлуката за утврдување плати и надоместоци на вработените во ФЗНХ (од април 2012 година), затоа што исполнети се критериумите за исплата по овој основ, во случај на: вонредно и надпросечно оптоварување во наставата, за зголемен обем на работа, предвремено и квалитетно извршување на работата, во согласност со евиденцијата за нивната ангажираност од страна на одговорните лица.

**3.2.3.** Независно од тоа што исплатите на Комисијата за одржани комисиски испити се повремени и на незначителен износ, одговорните лица во ФЗНХ ќе ги имаат предвид и доследно ќе ги применуваат критериумите утврдени во член 14 од Одлуката за утврдување плати и надоместоци на вработените во ФЗНХ (од април 2012 година).

**3.2.4.** Одговорните лица покренаа постапка за донесување Одлука за стекнување и распределба на приходите на ФЗНХ, според која исплатата на надоместоците за активности во втор и трет циклус и за вршење работи на научно- истражувачки и апликативни проекти, ќе се врши врз основа на утврден процент од вкупните средства стекнати по овој основ.

**3.2.5.** ФЗНХ ќе ги извести надлежните институции и УКИМ, Скопје за овој наод и препораката за интензивирање на активностите за конституирање на Советот за финансирање и развој на високото образование и дефинирање на критериуми за видот и висината на услуги кои студентот треба да ги плати во текот на студирањето.

**3.2.6.** Деканатската управа ќе ја спроведе препораката за донесување акти за утврдување видот и висината на услугите кои ги дава ФЗНХ на надворешни правни и физички лица за апликативна високостручна дејност во областа на: биотехнологија, производство, преработка и безбедност на храната и други работи, во согласност со Правилникот за внатрешни односи и работењето на ФЗНХ.

## 3.3. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ:

**Биланс на состојба:**

**3.3.1.** За спроведување на ова препорака, ФЗНХ ќе ги преземе следните мерки:

- Комисијата за попис ќе изврши дополнителен увид на побарувањата од купувачи, а особено на побарувањата од 2009 и 2010 година, ќе ја разгледа можноста за нивна наплата (со поединечно известување за регулирање на нивните обврски), или нивно отпишување доколку не постојат објективни можности да бидат наплатени, при тоа имајќи го предвид поединечниот износ за висината на побарувањата во однос на трошоците за покренување на соодветна постапка за нивна наплата,
- Службата за сметководство ќе ги преземе сите неопходни мерки да обезбеди доказ преку деловните банки за сопственоста на средствата кои биле уплатени од вработените за купување на општествени станови, која ќе претставува основа за усогласување на сметководствената состојба со фактичката состојба на позицијата- Други долгорочни вложени и здружени средства,
- Службата за сметководство ќе изврши намалување на позицијата- Други хартии од вредност и Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност, за износот на двојно евидентираните бонови за бензин,

**Биланс на приходи и расходи:**

**3.3.2.** Службата за сметководство доследно ќе го применува и почитува начелото за парично искажување на приходите и расходите, во моментот на нивната расположивост или извршување, согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници,

**3.3.3.** ФЗНХ постапи по препораката и воведе постапка за евиденција на поминатата километража, која ќе овозможи поголема контрола за реално потрошеното гориво при користење на службените возила, пред се при изведување на дисперзираните студии во Прилеп и Струмица.

**Се надеваме дека од Ваша страна ќе има разбирање за специфичностите на нашата институција во услови на реформи во областа на високото образование, како и за нашите согледувања, образложенија и преземени мерки за спроведување на дадените препораки.**

Со почит,

**ДЕКАН**

**Проф. Д-р Драги Димитриевски**

**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
**СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (788)**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

---

## ОДГОВОР

**на забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 20.06.2012 година добиени се забелешки од законскиот застапник на субјектот на „Факултетот за земјоделски науки и храна" Скопје, на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката на буџет од самофинансирачки активности, заведени во Државниот завод за ревизија под бр. 22-223/6 од 21.05.2013 година.
Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Во однос на наодите изнесени во точка 3.1. на страна 5 и 6 од Нацрт ревизорскиот извештај, кои се однесуваат на слабостите на воспоставениот систем на интерни контроли утврдени во процесот на исплата на авторските хонорари и изготвување на фактурите за извршени услуги, од аспект на необезбедена поткрепувачка документација кои ќе ја потврдат точноста и вистинитоста на документите евидентирани во сметководството, субјектот не ги оспорува истите **и дава известување** дека ќе ги преземе мерките дадени во препораката на ревизорот.

2. Во однос на ревизорскиот наод изнесен во точката 3.2.1. на страна 6 и 7 од Нацрт ревизорскиот извештај, ФЗНХ дава **објаснување** дека исплатите на надоместоци по основ на зголемен обем на работа на наставниците и на другите вработени, се однесуваат за 2011 година и дека истите се исплатени со важечките одлуки во тој период.
   Даденото објаснување не влијае на промена на ревизорскиот наод, со оглед дека истото не кореспондира со утврдениот наод, кој не оспорува важечки одлуки, туку се фокусира на констатациите дека надоместоците исплатени во јануари 2012 година иако се однесуваат за зголемен обем на работа на наставниците и на другите вработени, не се исплатени според бројот на ангажираните часови над нормираните 8 часа неделен фонд, туку линеарно за сите вработени како еднократна награда во висина од 50%, од вредноста на бодот исплатен за месец октомври. Според Прегледот за ангажирање на наставно - научниот и соработничкиот кадар на сите студиски предмети и програми од прв циклус студии во учебната 2011/2012, секој наставник остварува повеќе часови над нормираните 8 часа, но без обезбедена евиденција за наставникот кој бил ангажиран, без извештај за видот на активноста и бројот на дополнително ангажираните часови за другите вработени. Исто така ФЗНХ дава **известување** дека ќе ги преземе мерките дадени во препораката на ревизорот.

3. Во однос на ревизорскиот наод изнесен во точката 3.2.2. на страна 7 од Нацрт ревизорскиот извештај, ФЗНХ дава **забелешка** дека исплатите на надоместоците по основ на одржани предавања за дисперзирани студии се извршени врз основа на Одлуки од Деканатската управа од 2008 и 2009 година кои содржат критериуми за исплата утврдени во член 14 од Одлуката за плати и надоместоци на вработените на ФЗНХ од април 2012 година.
   Забелешката не се прифаќа, со оглед дека ревизорскиот наод се однесува за надоместоците исплатени во септември 2012 година во вкупен износ од 154 илјади денари за одржани предавања за дисперзирани студии во Струмица во летниот семестар 2011/2012 врз основа на старите одлуки 2008/2009, иако од април 2012 година во примена е нова Одлука за утврдување плати и надоместоци на вработените на ФЗНХ.

4. Во однос на ревизорските наоди изнесени во точките: 3.2.3., 3.2.4., 3.2.5.и 3.2.6. на страни од 8 - 10, ФЗНХ не ги оспорува истите и дава **известување** дека ќе постапи согласно препораките дадени во Нацрт Извештајот.

5. Во однос на ревизорските наоди изнесени во точката 3.3. на страни од 10- 12, ФЗНХ не ги оспорува истите и дава **известување** дека ќе постапи согласно препораките дадени во Нацрт Извештајот.

6. Вашата сугестија за промена на ревизорското мислење **не може да се прифати** бидејќи истото е резултат на применета методологија во ревизорскиот процес и се формира врз основа на евалуација на утврдени грешки и несигурности.

Скопје, 16.07.2013 година